Кратка биографија

Васка Драшковиќ (лиценциран психолог)



Васка Драшковиќ е искусен психолог во областа на психосоцијална поддршка, проектен менаџер и експерт за развој на заедници со повеќе од 30 години професионално искуство во областа на социјалната заштита, психосоцијалната помош и поддршка, градењето капацитети, застапувањето и управувањето со проекти.

Во текот на својата кариера работела со домашни и меѓународни организации, институции и донатори, водејќи проекти насочени кон психосоцијална поддршка на ранливи категории (деца, млади и семејства во ризик), социјална инклузија, младински развој, учество на граѓаните во процеси на одлучување и локален развој.

Исто така, поседува долгогодишно искуство како обучувач, но и во фасилитирање и модерирање на партиципативни процеси, развој на политики, обуки и јакнење на организациски капацитети, како и во воспоставување партнерства помеѓу граѓанскиот сектор, институциите и локалните заедници.